Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА
Бр. 0201-102
06. 12 2021 год.
СКОПЈЕ

# А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија

## СОБРАНИЕ НА АД

Врз основа на чл. 479 од Законот за трговски друштва и чл.60 а во врска со чл. 79 став 1 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар – Апаратна Техника Скопје, согласно Известувањето од овластениот ревизор Ненад Ранѓеловиќ од Скопје бр.03-12/1 од 20.10.2021 година, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден **06.12.2021** година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
**за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи на АД Раде Кончар – Апаратна техника – Скопје за 2021 година**

1. За спроведување на ревизија на финансиските извештаи на АД Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје, за 2021 година, се одредува ревизорското друштво:

   **Друштво за ревизија СФАИ МАКЕДОНИЈА ДОО - Скопје,** со седиште на ул.”Даме Груев” бр.7 - Скопје.

2. Се овластува извршниот директор на АД Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје, да склучи договор со друштвото од точка 1 од оваа одлука, а во согласност со нивната понуда.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а со стапување во сила на оваа Одлука, Одлуката бр.0201-52 од 16.06.2021 година, донесена на одржаното Годишно собрание на акционери од 16.06.2021 година, престанува да важи.

## О б р а з л о ж е н и е:

На својата редовна седница на Годишното Собрание на акционери одржана на ден 16.06.2021 година, АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, донесе Одлука за избор на ревизорското друштво ТП Ранѓеловиќ од Скопје за спроведување на ревизија на финансиските извештаи на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје за 2021 година, во кое како единствен основач и овластен ревизор се јавува Ненад Ранѓеловиќ.

На ден 20.10.2021 година, овластениот ревизор Ненад Ранѓеловиќ, со допис број 03-12/1 од 20.10.2021 година го извести Акционерското друштво дека тој како овластен ревизор со цел за унапредување и подобрување на услугите кон клиентите основа ново друштво за ревизија СФАИ МАКЕДОНИЈА ДОО-Скопје со лиценца за вршење на работи на ревизија , а постоечката лиценца од друштвото ТП Ранѓеловиќ е повлечена. При тоа нагласи дека ревизорските услуги тој продолжува да ги врши како овластен ревизор преку новооснованото друштво за ревизија СФАИ МАКЕДОНИЈА ДОО-Скопје и тоа со Понуда за ревизија под услови прифатени со веќе донесената одлука од Собранието на акционери од 16.06.2021 година.

.

Врз основа на неведеното, Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, имајќи во предвид дека на својата редовна седница на одржаното Годишно Собрание на акционери од 16.06.2021 година со Одлука бр.0201-52 од 16.06.2021 година, веќе му поклони верба и го избра именованиот овластен ревизор Ненад Ранѓеловиќ преку тогаш неговото друштво за ревизија ТП Ранѓеловиќ од Скопје, а со фактот што истиот основал ново друштво за ревизија, како и со фактот дека условите од понудата за вршење на ревизија остануваат непроменети како во веќе претходно донесената одлука на Собранието бр. 0201-52 од 16.06.2021 година, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**